Врз основа на член 10 став 1 од Законот за контрола на предмети од скапоцени метали ("Службен весник на Република Македонија" бр. 23/95 и 22/07), министерот за економија донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ТЕХНИЧКИТЕ УСЛОВИ ШТО ПРОИЗВОДИТЕЛОТ НА ПРЕДМЕТИ ОД СКАПОЦЕНИ МЕТАЛИ ТРЕБА ДА ГИ ИСПОЛНИ ЗА ДОБИВАЊЕ НА ЗНАК ЗА ПРОИЗВОДИТЕЛ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат техничките услови што производителот на предмети од скапоцени метали треба да ги исполни за добивање на знак за производител.

Член 2

Производител на предмети од скапоцени метали треба да ги исполнува условите во поглед на просториите и потребната опрема.

Производителот од став 1 на овој член треба да има најмалку две посебни простории: работилница и продавница.

Член 3

Во работилницата, во која се произведуваат предмети од скапоцени метали, треба да ја има следната потребната опрема:

1) Печка за топење,
2) Валц машина,
3) Машина за полирање,
4) Центрифуга за лиење,
5) Калапи,
6) Машина за гравирање - пантограф (рачен),
7) Када со ултра звук,
8) Рачен алат (клешти, пинцети, турпии, пилички и друго).

Член 4

Во продавницата, во која се пуштаат во промет предмети од скапоцени метали, треба да има:

1) Витрина,
2) Изложбен пулт,
3) Каса (сеф),
4) Пробни игли за злато 585 о/оо,
5) Пробни игли за злато 750 о/оо,
6) Пробни игли за злато 840 о/оо,
7) Пробни игли за сребро 800 о/оо,
8) Пробни игли за сребро 900 о/оо,
9) Пробни игли за сребро 925 о/оо,
10) Пробни игли за сребро 950 о/оо,
11) Пробни игли за платина 950 о/оо,
12) Пробен камен (лидииски),
14) Пробна киселина за злато 585 о/оо,
15) Пробна киселина за злато 750 о/оо,
16) Пробна киселина за злато 840 о/оо,
17) Пробна киселина за сребро,
18) Безкиселинско масло (бадемово или ленено),

19) Прецизна вага (прецизни тегови-гарнитура),
20) Решение за работа (истакнато),
21) Слика на облици на жигови.

Член 5

Во изложбениот пулт предметите од скапоцени метали треба да се држат одвоено од предметите изработени од други метали и од други производи и треба да бидат означени како предмети од скапоцени метали.

Изложените предмети од скапоцени метали со јасно видливи испишани натписи треба да се поделени и означени според степенот на финоста.

Член 6

Работилницата и продавницата, треба:
1) да бидат чисти и суви,
2) да имаат постојана температура и соодветно осветление и
3) да ги исполнуваат условите пропишани во поглед на хигиено-техничката заштита.

Член 7

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.

Бр.25-3679/5
14 јуни 2007 година
Скопје

Министер за економија,
**Вера Рафајловска**, с.р.